



# ЗНАЧИ ТОА Е СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА?





COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Дали се чувствуваш непријатно поради начинот на кој те гледаат и допираат?

Некои голи слики беа споделени?

Се сомневаш дека има скриен мотив?

Не си сигурен/на дека и ти сакаш да го направиш тоа?

Дали е покрената кривична постапка?

**НЕ СИ ЕДИНСТВЕНИОТ/ТА КОЈ ИМА ВАКВИ ПРАШАЊА.**

**ПРОЧИТАЈ ГИ ПРИКАЗНИТЕ НА ДРУГИТЕ И ДОЗНАЈ КОИ СЕ ТВОИТЕ ПРАВА!**

# ДРАГО МИ Е ШТО МИ КАЖА!



Што е проблемот злато? Вчера се врати дома многу изнервирана.

**Ништо не е...**

Прашувам затоа што до сега секогаш се враќаше насмеана, по состаноците со момчето.

**Ти велам, ништо не е!!!**

Добро. Ако сакаш да зборуваме за тоа, тука сум.

**Не е ништо посебно, се скаравме...**

Злато мое, многу ми е жал. Што се случи?

**...и потоа ми рече дека јас не го сакам...**

Ама зошто би помислил така?

**Не знам...всушност…вака. Ама да ми ветиш дека нема да се налутиш.**

Ќе се обидам. :)

**Значи, тој и јас, уште не сме...сакам да кажам...тој мисли дека за другите девојчиња што имаат 15 години не е ништо страшно да спијат со некого. Ама и јас не правам драма од тоа!!! Но, ние од скоро почнавме да излегуваме, …и... јас... значи...разбираш што сакам да кажам.**

Разбирам. Не си спремна или не сакаш тоа да се случи сега.

**Токму така!**

Пред првиот пат (и секој нареден пат), најважно е да си сигурна дека го сакаш тоа и дека твојот партнер го сака истото што и ти.

**Тој вели дека ако вистински го сакам, не би ни размислувала дали да имам секс со него или не.**

Душо, да се сака некој не е исто што и желбата да се биде со некого. Овие чувства се различни.

**Не разбирам. Зашто тој навистина ми се допаѓа...**

Ако и двајцата не сакате да го направите тоа, а тој емотивно те уценува или те притиска, тоа е само доказ дека на него му е поважна неговата волја од твоите чувства или намери.

**Ама јас не сакам да го повредам. И не сакам тој да раскине со мене...**

Секако, душо. Но тука станува збор за неговата способност да ги контролира своите страсти, а ти не си виновна за тоа. Ти никако не си одговорна за неговите чувства.

**Дали тоа значи дека тој не ме сака?**

Не знам, можеби тој мисли дека те сака, но љубовта никогаш не се изразува во вид на насилство или притисок.

**Многу се срамам да зборувам за ова...**

Драго ми е што ми кажа за ова, навистина. И многу сум горда не тебе што си била силна и си му кажала не.

**родител**



ЧЕСТОПАТИ НЕ Е ЛЕСНО ДА СЕ РАЗГОВАРА ЗА СЕКСУАЛНОСТА. ПОСЕБНО АКО ВО ТЕБЕ СЕ ЈАВУВААТ ЧУВСТВА КАКО СРАМ, ВИНА ИЛИ СТРАВ КОГА ЗБОРУВАШ ЗА ТОА.

НЕ СИ САМ(А)! АКО ТЕ МАЧИ НЕШТО ИЛИ АКО БАРАШ ОДГОВОР НА НЕКОИ ПРАШАЊА, ЗБОРУВАЈ ЗА ТОА СО НЕКОЈ ВОЗРАСЕН НА КОЈ МУ ВЕРУВАШ. ТОА МОЖЕ ДА БИДЕ РОДИТЕЛ, ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВОТО, НАСТАВНИЧКА, ПСИХОЛОГ, НЕКОЈ НА КОЈ МОЖЕШ ДА СЕ ДОВЕРИШ И КОГО ЌЕ ГО СОСЛУШАШ.

ТВОЈАТА СПОСОБНОСТ ДА КАЖЕШ ‘ДА’ ЗА ИНТИМНА ВРСКА ЗАВИСИ ОД ТОА КОЛКУ ГОДИНИ ИМАШ.

СЕКСОТ Е САМО ТОА НА ШТО И ДВАЈЦАТА СТЕ СЕ СОГЛАСИЛЕ. СÈ ДРУГО ПРЕТСТАВУВА НАСИЛСТВО. ИСТО ТАКА, ЗЛОУПОТРЕБА Е И АКО НЕКОЈ ТЕ ИСКОРИСТИ БИДЕЈЌИ ИМАШ ПОПРЕЧЕНОСТ ИЛИ НЕ МОЖЕШ ДА РАСУДУВАШ, АКО СИ ВО ПИЈАНА СОСТОЈБА ИЛИ БЕЗ СВЕСТ, И ПОРАДИ ТОА НЕ МОЖЕШ ДА НАПРАВИШ ВИСТИНСКА ПРОЦЕНКА НА СИТУАЦИЈАТА.

БАРАЊЕТО ПОМОШ Е НЕШТО ОД ШТО НИКОГАШ НЕ ТРЕБА ДА СЕ СРАМИШ!

ВО СЛУЧАЈ ДА НЕМАШ СО КОГО ДА ЗБОРУВАШ ПОСТОЈАТ БЕСПЛАТНИ И АНОНИМНИ СОС ЛИНИИ КАДЕ МОЖЕШ ДА ЗБОРУВАШ СО НЕКОЈ КОЈ ЌЕ ТЕ РАЗБЕРЕ И ЌЕ ТИ ПОМОГНЕ ДА ОДЛУЧИШ ШТО ДА ПРАВИШ. ОВА СЕ НЕКОИ ОД БРОЕВИТЕ НА КОИ МОЖЕШ ДА СЕ ОБРАТИШ:

СОС телефон за деца и млади: 0800 1 2222
СОС линии: 15-315, 141-700
Младински центри „Сакам да знам“
Водно 02/3176-950
Шуто Оризари 02/2651-955

# ЗНАЧИ ТОА СЕ СМЕТА ЗА **СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА?**



Можеби слушнавте дека наставникот по физичко си замина од училиштето и тука сум да позборувам со вас за тоа.

**Навистина го избркаа од работа?**

**Мене ми рекоа дека е избркан бидејќи некој родител го обвинил дека сексуално злоупотребил девојче.**

Училиштето е должно да ве заштити од сексуална злоупотреба. Тоа значи дека никој не смее да ве допира ако не сте согласни со тоа. Посебно ако станува збор за лице кое е одговорно за вас.

**Значи тоа се смета за сексуална злоупотреба?**

Да, ама исто така не е во ред ако некој ви упатува коментари или ви нуди нешто што кај вас создава чувство на непријатност, пониженост и срам.

**Добро, ама што ако таа погрешно го разбрала тоа?**

Ако станува збор за нешто што е навредливо, тоа мора да се истражи, независно кој е сторителот. Затоа е важно возрасните да се информираат за ова.

**Слушнав дека исто така навредувал некое девојче во соблекувалната. Но мислам дека само се шегувал...**

Сите облици на насилство се забранети. Злоупотреба е и ако некој се шегува на твоја сметка или ако раскажува некоја навредлива или безобразна шега која ќе те засрами.

**Мислам дека таа само му се допаѓа и ништо повеќе. Еден другар ми рече дека често ги гледал заедно по тренингот.**

**Да, и јас слушнав дека се во врска.**

Дури и ако односот помеѓу наставник/чка и ученик/чка може да наликува на љубов, во него соодносот на моќ не е еднаков, бидејќи наставникот/чката едноставно го злоупотребува авторитетот и довербата на ученикот/чката, што никогаш не е во ред.

**Но што ако таа се согласила?**

Не е важно. Во прашање е, секогаш слободниот и самостоен избор. Всушност ученикот не може да даде самостојна согласност, бидејќи наставникот има моќ над него, и поради тоа овие односи се секогаш забранети.

**И тие се виновни што дозволиле да се случи...**

За сексуалната злоупотреба никогаш не е виновно детето. Повеќето случаи никогаш не се откриваат, бидејќи детето се срами од тоа што му се случило или се обвинува себеси. Сексуалната злоупотреба, присилба или закани секогаш претставуваат кривично дело.

СЕКСУАЛНАТА ЗЛОУПОТРЕБА Е КАЗНИВА. ДУРИ И АКО Е СТОРЕНА ОД РОДИТЕЛ, НАСТАВНИК, ТРЕНЕР ИЛИ НЕКОЈ КОЈ ЗА ТЕБЕ Е АВТОРИТЕТ ИЛИ ОД КОГО ЗАВИСИШ. ПА ДУРИ И АКО СТАНУВА ЗБОР ЗА ДРУГО ДЕТЕ ИЛИ МЛАДО ЛИЦЕ. ЗА ОВИЕ ДЕЛА СЕ ПРОПИШАНИ МНОГУ СТРОГИ ЗАКОНСКИ ПРАВИЛА И КАЗНИ.

ВЕРУВАЈ ВО СВОЕТО ПРЕТЧУВСТВО ДЕКА НЕШТО НЕ Е ВО РЕД, ДУРИ И САМО АКО СИ ВИДЕЛ/А НЕШТО ИЛИ СИ СЛУШНАЛ/А ЗА ЗЛОУПОТРЕБАТА. ИЗВЕСТИ ГО ЗА ОВА НЕКОГО НА КОГО МУ ВЕРУВАШ ЗА ДА ГО ПРОНАЈДЕШ ВИСТИНСКОТО РЕШЕНИЕ СО КОЕ ЌЕ СЕ ЗАШТИТИШ СЕБЕСИ И ПРИЈАТЕЛИТЕ.

ИНТИМНИОТ КОНТАКТ ПОМЕЃУ НАСТАВНИК/ЧКА И УЧЕНИК/ЧКА Е СЕКОГАШ ЗЛОУПОТРЕБА. КАКО И ВО ДРУГИ СЛУЧАИ НА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА, СЕКОГАШ ВОЗРАСНОТО ЛИЦЕ Е ОДГОВОРНО, А УЧЕНИКОТ/ЧКАТА НЕ Е ВИНОВЕН/А.

АКО НЕКОЈ ТЕ ПРИСИЛУВА НА СЕКСУАЛНА АКТИВНОСТ, ТОА ЛИЦЕ ВРШИ КРИВИЧНО ДЕЛО. НИКОЈ НЕ СМЕЕ ДА ТЕ ПРИСИЛУВА ДА ИЗЛЕГУВАШ СО НЕГО, ДА СЕ ГУШКАТЕ ИЛИ БАКНУВАТЕ. ИСТО ТАКА Е ЗАБРАНЕТО НЕКОЈ/А ДА ТЕ ПРИТИСКА СО СВОЕТО ТЕЛО, ДА ТЕ ДОПИРА, ГАЛИ ИЛИ ДА ТЕ ТЕРА ДА ГЛЕДАШ ПОРНО-ФИЛМ. ИСТО ТАКА Е ЗАБРАНЕТО НЕКОЈ/А ДА ГИ ДОПИРА ТВОИТЕ ГЕНИТАЛИИ ПРОТИВ ТВОЈА ВОЛЈА, ИЛИ ДА ТЕ ПРИСИЛУВА ДА МАСТУРБИРАШ ПРЕД НЕГО/А ИЛИ ДА ИМАШ СЕКС СО НЕГО/А.



**ПСИХОЛОГ**

# СКРИЕНИ НАМЕРИ?



**Здраво, прв пат се јавувам, но ми треба совет бидејќи имам другарка и... малку сум загрижена за неа.**

Здраво! Драго ми е што се јави.

**До скоро, постојано зборуваше дека сака да полага приемен испит за една одлична програма, ама во последно време скоро никогаш не е на училиште, и има многу отсуства.**

Да не се случило нешто?

**Има нов пријател, некој постар дечко, со кого често се среќава.**

Знаеш уште нешто во врска со тоа?

**Се запознале на забава, нормално домот за деца ни забранува да излегуваме навечер, но таа избега таа вечер. Оттогаш е постојано со него, со мене скоро и не зборува веќе. Тој доаѓа по неа со автомобил, и постојано ја носи некаде, во кино, во град, на други места.**

Разбирам дека ти е тешко поради тоа.

**И таа целосно се промени. Ретко се дружи со нас, а и кога се дружиме, се однесува ептен чудно, ја нервира буквално сè, мисли дека може да прави што сака.**

Можеш да зборуваш со неа за ова?

**Во последно време многу ретко се гледаме. Понекогаш ќе ми одговори на чет, се однесува чудно дури и кога е дома, некогаш е среќна па ќе ме изгушка, а некогаш само ќе ја тресне вратата зад себе.**

Добро е што реши да се јавиш на овој број, бидејќи можно е твојата пријателка да е во врска во која сега ужива во многу работи, како и да е, тоа може да биде опасно.

**Зошто може да биде опасно?**

Понекогаш се случува возрасните да изградат близок однос со деца, да ја стекнат нивната доверба, да им посветуваат посебно внимание и да им купуваат скапи работи, но не поради тоа што им се допаѓаат, туку за да ги наведат да прават одредени работи, а детето да се чувствува немоќно да каже „не“ дури и ако се најде во ситуација која не му се допаѓа.

**Не го знам типот, ама ќе полудам ако ја повреди другарка ми...**

Дали си му раскажала за ова на некој друг, на некој возрасен? Можеби во училиштето забележале дека нешто се случува.

**Таа ќе ме замрази ако зборувам за тоа. Ама невозможно е да се разговара со неа!**

Таа не е виновна, а не си ни ти, таа треба да се заштити од тој тип. А ако ти бараш начин за да и помогнеш, тоа не значи дека си ја предала туку дека се грижиш за неа.

**Дојдоа другите. Морам да прекинам.**

ПОСТОЈАТ БЕСПЛАТНИ И АНОНИМНИ СОС ЛИНИИ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО. АКО САКАШ ДА СПОДЕЛИШ НЕШТО ШТО ТЕ МАЧИ, СЕ ЧУВСТВУВАШ ОСАМЕНО, НЕ ЗНАЕШ КОМУ ДА СЕ ОБРАТИШ ЈАВИ СЕ НА ЕДНА ОД СОС ЛИНИИТЕ ИЛИ ВО НЕКОЈ ОД МЛАДИНСКИТЕ ЦЕНТРИ. ТИЕ ЌЕ ТЕ СОСЛУШААТ И ЌЕ ТЕ ПРИФАТАТ.

СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ: 0800 1 2222
СОС ЛИНИИ ЗА РБН: 15-315, 141-700
СОС ЛИНИЈА ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ: 0800 11111
СОВЕТУВАЛИШТА ВО МЛАДИНСКИТЕ ЦЕНТРИ
„САКАМ ДА ЗНАМ“ ВОДНО 02/3176-950
ШУТО ОРИЗАРИ 02/2651-955

АКО ИМАШ ЛОШО ПРЕТЧУВСТВО ИЛИ ВПЕЧАТОК ДЕКА НЕКОЈ ИМА СКРИЕНИ НАМЕРИ КОН ТЕБЕ ИЛИ КОН ТВОЈ/А ПРИЈАТЕЛ/КА, РАЗГОВАРАЈ СО ВОЗРАСНО ЛИЦЕ ВО КОЕ ИМАШ ДОВЕРБА!

АКО НЕКОЈ ИСКОРИСТУВА ДЕЦА ЗА СЕКСУАЛНИ ЦЕЛИ, А ЗА ВОЗВРАТ ИМ ДАВА ПОДАРОЦИ, АЛКОХОЛ, ЦИГАРИ, ВЕТУВАЊА ИЛИ ПАРИ, ТОА СЕ СМЕТА ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ ПА ДУРИ И МОЖЕ ДА СЕ СМЕТА ЗА ДЕТСКА ПРОСТИТУЦИЈА. СЕКОЈ ШТО ИСКОРИСТУВА, ГО УБЕДУВА ИЛИ ГО ПРИСИЛУВА ДЕТЕТО НА ТОА, ВРШИ КРИВИЧНО ДЕЛО.
НЕ Е ВАЖНО ДАЛИ ДЕТЕТО ИМА ДОВОЛНО ГОДИНИ ДА ДАДЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СЕКС, КОГА ВОЗРАСНО ЛИЦЕ ДАВА НЕШТО ЗА ВОЗВРАТ ЗА ДА ИМА СЕКС СО ДЕТЕТО, ТОА СЕКОГАШ Е КРИВИЧНО ДЕЛО.



линија за помош

# ИЗЛЕГУВАЊЕ НА СОСТАНОК

**Здраво, имаш малку време?**

Секако. Што има? Одамна се немаме видено!

**Сешто се случува ... Има еден тип, со кого се допишувам подолго време.**

Супер! Се запознавте онлајн?

**Да. Тој прв ми пиша, почнавме да се допишуваме и навистина е супер. Целосно ме разбира, зашто и него го малтретирале во училиште како и мене. Ама сепак, да речеме дека неговите родители многу полесно прифатиле дека е геј.**

Значи, сте се сретнале до сега?

**Епа тоа е работата. Не е од тука, но доаѓа овој викенд и сака да се сретнеме.**

Па тоа е навистина супер! Знаеш нешто друго за него?

**Многу е внимателен. Секогаш се интересира што има кај мене, мислам дека му имам раскажано се за моите пријатели. Патем речено, има возачка дозвола, па претпоставувам дека има повеќе од 18 години.**

Разбирам. А има ли фотографии на неговиот профил?

**Да, секако, има патувано насекаде. Веќе проверив дали профилот му е лажен, уживај.**

И, што мислиш?

**Не знам. Ми се чини дека е ОК... Бидејќи обично тој фотографира, најчесто го нема на сликите. Но има следбеници на Инста, а има и профил на Снепчет.**

Добро, не е лошо да бидеш претпазлив. Дали сте зборувале преку камера?

**Не, тој сака да имаме состанок на слепо, да не се видиме пред тоа.**

Добро, ама сепак, важно е и корисно да размислиш за оваа ситуација. Ако донесеш одлука да се видите, бидејќи сметаш дека е безбедно, барем кажи му на некого каде ќе се најдете, по можност на некој возрасен, за да знае точно каде си и со кого.

**Да, секако. Ама ако им кажам на моите, ќе збеснат. Другаров ќе престојува кај татко му... Ама имам еден братучед кој е доста кул.**

Тоа е добра идеја, но можеби и тој да дојде некаде во близина. Каде се договоривте да се сретнете?

**Ќе ме земе по часот по пливање, и потоа одиме да правиме некои фотки. Тој прави некој проект, и вели дека добро ќе се вклопам.**

Те разбирам, ама...

**Е добро де, што е најлошото што може да ми се случи?**

Епа, знаеш дека според законот, ти решаваш дали сакаш да имаш секс со некого или не, ама тоа не значи дека тој може да прави со тебе што сака, ако ти не го сакаш тоа. Значи, никакви слики, ништо!

**Океј ...**

Всушност, нели е попаметно да се сретнете некаде каде има повеќе луѓе? Еве сега има премиера на нов филм.

**Би сакал да можеше така ...**

Мислам дека треба да си дадеш повеќе време. Ако не ти е пријатно во негова близина, на тој начин ќе ти биде многу полесно да си заминеш.

**Тоа сигурно. Фала ти! Ќе размислам за ова. Може да зборуваме утре?**

Се разбира.



КОГА НЕКОЈ ГРАДИ ОДНОС И СТЕКНУВА ДОВЕРБА СО ДЕЦА ЗА ДА ОСТВАРИ СЕКСУАЛЕН КОНТАКТ ИЛИ ДА ИМА СЕКС, СЕ НАРЕКУВА КРОТЕЊЕ/ГРУМИНГ. ТОЕ Е ФОРМА НА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА. МОЖЕ ДА СЕ СЛУЧИ И ОНЛАЈН И ВО ЖИВО. ТИЕ МОЖЕ ДА СЕ ОБИДАТ ДА СОЗДАДАТ ИЛУЗИЈА ДЕКА ПОСТОИ ПРИЈАТЕЛСТВО ИЛИ ЉУБОВНА АФЕРА СО ДЕТЕТО.

ВРСНИЧКИТЕ СОВЕТНИЦИ СЕ УЧЕНИЦИ КОИ ИМ ПОМАГААТ НА СВОИТЕ ВРСНИЦИ КОГА ИМААТ НЕКОЕ ПРАШАЊЕ ИЛИ АКО ИМААТ НЕКОЈ ПРОБЛЕМ. СО НИВ МОЖЕШ ДА РАЗГОВАРАШ ОПУШТЕНО И ВО ДОВЕРБА, А АКО ИМА ПОТРЕБА ТОЈ/ТАА ЌЕ СЕ ОБРАТИ НА ВОЗРАСНО ЛИЦЕ КОЕ МОЖЕ ДА ПОМОГНЕ.

АКО ОНЛАЈН ПРИЈАТЕЛ ИЛИ НЕКОЈ ДРУГ СТАПИ ВО КОНТАКТ СО ТЕБЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ И ТЕ ПОКАНИ ДА СЕ СРЕТНЕТЕ ЗА ДА МУ ПОЗИРАШ ЗА СЕКСУАЛНО ЕКСПЛИЦИТНИ ФОТОГРАФИИ ИЛИ ДА ИМА СЕКС СО ТЕБЕ, ТОА ЛИЦЕ ВРШИ КРИВИЧНО ДЕЛО.



ВРСНИК - СОВЕТНИК

# ПУШТЕНИ СЕ НЕКОИ СЛИКИ ВО НАШИОТ ГРУПЕН ЧЕТ

**Мора да поразговараме за нешто сериозно.**

Здраво. За што станува збор?

**Знаете, има едно ново момче во другиот клас.**

Да, мислам дека слушнав некои работи за него, ама не му предавам.

**Некои деца почнаа да го малтретираат, да провереле дали е навистина опасен фраер како што се зборува за него. И сега сите му се смеат.**

Ова е баш загрижувачки. Дојдете ваму, тука на мира ќе позборуваме... Кажете ми, што се случило?

**На почетокот беше смешно, ама сега е чудно тоа што се случува. Некои од неговите соученици направија лажен профил и почнаа да му пишуваат коментари, на пример колку му е слатко кучето, како му се супер цртежите на Инста, дека е многу згоден...такви работи...**

Дали повеќе луѓе управуваат со тој лажен профил?

**Прво беа тројца, а сега немам поим.**

Разбирам.

**Постојано му пишуваа на чет, наутро, навечер, ама после некое време, ситуацијата излезе од контрола. Може да претпоставите.**

Значи, ја злоупотребиле неговата доверба...

**Тоа не е крајот на приказната. Сето ова се прошири, и почнаа да кружат наоколку некои слики и пораки. Слики што тој дефинитивно не би сакал да ги видат другите... Дури и брат ми ги прими во приватна порака, а стасаа и кај нас, во групниот чет на нашиот клас. Кој знае колку многу луѓе ги добиле...**

Многу ми е драго што ме известивте. Ова, не само што е навистина злобно и опасно, туку може да резултира и со кривична пријава.

**Но ние не сакаме да бидеме тие што ќе пријават...**

Секако, ова останува помеѓу нас. Ви благодарам што ми се доверивте. Јас ќе зборувам со неговиот класен, и ќе направиме се што можеме да го решиме ова.

**И, што ќе биде сега? Дали треба да направиме скриншоти?**

Ако една фотографија е јавно достапна, треба да се избрише или да се пријави најбрзо можно, и не смее понатаму да се споделува. Знаете како се прави тоа?

**Верјатно да.**

Можам, да ви покажам како се прави тоа, а и други може да ви помогнат со тоа. Но доколку напишете јасно во вашите чет групи дека не се согласувате со ова, тоа исто така може да помогне во решавање на ситуацијата.

**Треба и да позборуваме со момчето, но не сакаме тој да направи нешто непромислено сега... Или да се налути на нас.**

За жал, не можеме да го заштитиме од болката која му е нанесена, но можеме да му помогнеме полесно да ја премости оваа состојба. Ајде да размислиме заеднички, кое би било најдоброто решение за овој проблем!



ПРИЈАВИ, НЕМОЈ ДА ИГНОРИРАШ! НЕЗАКОНСКА СОДРЖИНА МОЖЕШ ДА ПРИЈАВИШ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ ВО SOC ТИМОТ ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА soc@moi.gov.mk ИЛИ НА soc@mvr.gov.mk ИЛИ НА ЛИНИИТЕ ЗА ПОМОШ,
Телефон за работно време: +389 (0)72 334 012
Телефон за итни случаи: +389 (0)2 3117 222
ТИЕ МОЖАТ ДА ЈА ТРГНАТ ТАА СОДРЖИНА ОД ИНТЕРНЕТ И ДА ПОБАРААТ ОД ЛИЦЕТО КОЕ ГИ ПОСТИРАЛО СЛИКИТЕ ДА ГИ ИЗБРИШЕ ЦЕНТРАЛНО.

КОГА ИСПРАЌАШ СЕКСУАЛНО ЕКСПЛИЦИТНИ СЛИКИ И ВИДЕО-КЛИПОВИ НА КОИ СЕ НАОЃАШ ТИ, ИЛИ МУ ИСПРАТИШ НА НЕКОГО ПОРАКА СО ЕРОТСКА СОДРЖИНА ПРЕКУ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН ИЛИ ИНТЕРНЕТ, ТОА СЕ НАРЕКУВА СЕКСТИНГ. АКО СИ ПОМЛАД ОД 18 ГОДИНИ, ТАА СОДРЖИНА СЕ СМЕТА ЗА ПОРНОГРАФСКА СНИМКА!

ЗЛОУПОТРЕБАТА ОНЛАЈН МОЖЕ ДА БИДЕ ОД СЕКСУАЛНА ПРИРОДА ИЛИ НАВРЕДЛИВА НА ПОИНАКОВ НАЧИН (НА ПРИМЕР, АКО ТИ ВРШИ ПРИТИСОК ДА ПРАВИТЕ НЕКОИ СЕКСУАЛНИ РАБОТИ, ИАКО ТИ ТОА НЕ ГО САКАШ, КОГА ДОБИВАШ СЛИКИ ИЛИ КОГА ТЕ ЕКСПЛОАТИРААТ). ТУКА ВЛЕГУВА И ПРЕЗЕМАЊЕ НА ТВОИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРОТИВ ТВОЈА ВОЛЈА, УЦЕНУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ, ТРОЛАЊЕ, МАЛТРЕТИРАЊЕ СО КОМЕНТАРИ И ПРЕКУ ОДНЕСУВАЊЕ.

**наставник**



СЕКОЈ КОЈ ЧУВА И ДИСТРИБУИРА СЕКСУАЛНИ СЛИКИ ОД ДЕТЕ (ВКЛУЧИТЕЛНО И ТИНЕЈЏЕРИ ПОМЛАДИ ОД 18), А ИМА ДОВОЛНО ГОДИНИ ЗА ДА МОЖЕ ДА СЕ СМЕТА ЗА ЗАКОНСКИ ОДГОВОРЕН, МОЖЕ ДА СНОСИ ОДГОВОРНОСТ ЗА ТАКВОТО ОДНЕСУВАЊЕ!

ЗА ДА СЕ ЗАШТИТАТ ДЕЦАТА, ВАЖНО Е ВОЗРАСНИТЕ ДА БИДАТ ИНФОРМИРАНИ. АКО ТОА Е ВО НАЈДОБАР ИНТЕРЕС НА ДЕЦАТА, ВОЗРАСНИТЕ СЕ ДОЛЖНИ ДА ГО ПРИЈАВАТ СЛУЧАЈОТ НА СЛУЖБИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА (ТОА СЕ ОДНЕСУВА НА НАСТАВНИЦИ, ПЕДИЈАТРИ И СТРУЧНИ ЛИЦА КОИ СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ТВОЈАТА ДОБРОСОСТОЈБА).

АКО ДОБИЕШ ВАКВИ СЛИКИ ИЛИ ВИДЕО-КЛИПОВИ ОД ПРИЈАТЕЛ, ТИ НЕ ПРАВИШ НИШТО ЛОШО, НО МОЖЕ ДА БИДЕ КАЗНИВО ДОКОЛКУ ЈА ЧУВАШ ТАА СОДРЖИНА НА СВОЈОТ ТЕЛЕФОН. ВАКВАТА СОДРЖИНА ТРЕБА ВЕДНАШ ДА СЕ ИЗБРИШЕ И НЕ СМЕЕШ ДА ЈА СПОДЕЛУВАШ ПОНАТАМУ, ИЛИ ДА ЈА ИСПРАЌАШ НА ДРУГИ.

ПОМОГНЕТЕ ИМ НА ТИЕ КОИ СЕ ПОВРЕДЕНИ СО ВАКВИ ДЕЈСТВИЈА, ЗА ДА СЕ ОПОРАВАТ НАЈБРГУ МОЖНО!

# ЗНАЧИ, ДАЛИ ОВА Е КРИВИЧНО ДЕЛО?

СОГЛАСНО ЗАКОН, СЛИКИ НА КОИ Е ПРИКАЖАНО ДЕТЕ ПОМЛАДО ОД 18 ГОДИНИ ВО СЕКСУАЛНА СИТУАЦИЈА, ОДНОСНО СЛИКИ КОИ УПАТУВААТ НА СЕКС ИЛИ НА КОИ СЕ ПРИКАЖУВА ПОЛОВИОТ ОРГАН НА ДЕТЕТО, СЕ СМЕТААТ ЗА ДЕТСКА ПОРНОГРАФИЈА.

СЕКОЈ ШТО СОЗДАВА, ЧУВА ИЛИ ГИ ПРАВИ ДОСТАПНИ, ДИСТРИБУИРА ИЛИ СВЕСНО ПОСЕТУВА СТРАНИЦИ НА КОИ ГЛЕДА ВАКВИ ВИДОВИ НА СЛИКИ ИЛИ ВИДЕО-КЛИПОВИ МОЖЕ ДА БИДЕ КАЗНЕТ ЗА ТОА. ЗАКОНОТ ГИ ШТИТИ ДЕЦАТА КОИ СЕ ПОМЛАДИ ОД 18 ГОДИНИ ОД СЛИКАЊЕ И СНИМАЊЕ НА ФОТОГРАФИИ И ВИДЕО-КЛИПОВИ СО СЕКСУАЛНА СОДРЖИНА, ОДНОСНО ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ТАКВА СОДРЖИНА.

СТАРОСНАТА ГРАНИЦА ЗА КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ ЗАВИСИ ОД ДРЖАВАТА ВО КОЈА ЖИВЕЕШ. МОЖЕШ ДА БИДЕШ КРИВИЧНО ОДГОВОРЕН ДУРИ И АКО СИ ПОМЛАД ОД 18 ГОДИНИ. МИНИМАЛНАТА ВОЗРАСТ ЗА КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ ВООБИЧАЕНО Е 14 ГОДИНИ, КАКО ШТО Е ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, УНГАРИЈА И ГЕРМАНИЈА, НО СЕ РАЗЛИКУВА ОД ДРЖАВА ВО ДРЖАВА: ВО ФРАНЦИЈА Е 13 ГОДИНИ, А ВО БЕЛГИЈА, ХОЛАНДИЈА И ТУРЦИЈА Е 12 ГОДИНИ.



**Здраво, може ли да прашам нешто?**

Здраво! Како можам да ви помогнам?

**Една моја пријателка неодамна му раскина на дечкото, и тој сега ја уценува дека ќе објави нејзини слики на некои сајтови.**

**Ме интересира што ќе се случи ако тој го направи тоа, и што може да се преземе.**

Колку години има твојата пријателка?

**Седумнаесет.**

Добро. А да ми помогнеш малку со тоа што ќе ми кажеш за какви слики станува збор?

**Има некои слики на кои е гола или полугола, и некои доста секси слики.**

Драго ми е што ни се обрати, зашто законите се доста строги кога станува збор за споделување на слики на кои е прикажано голо или полуголо тело на лица помлади од 18 години.

**😱😱😱**

Секој кој објавува, споделува или пренесува такви фотографии или видео-клипови на други може да биде обвинет за кривично дело.

Поранешното момче на твојата пријателка може да биде казнето за тоа што ги направил, споделил или објавил тие фотографии дури и ако и тој се уште нема 18 години.

**Дури и ако таа се согласила тој да ја слика? 🤔**

Дури и ако таа му ги испратила сликите, или била сликана со нејзина согласност.

**Значи не е важно кој бил сопственик на тие слики.**

Да, бидејќи е казниво со закон да се сликаат и да се чуваат такви слики.

**Значи, казниво е дури и ако тој ги чува сликите во неговиот телефон?**

Да. Всушност, може да се покрене постапка против кое било лице кое ќе прими таква слика и, наместо да ја избрише, ја чува или ја споделува со други.

**Дури и ако е тоа нејзина слика на која е сликана таа??**

Обично само доколку на сликата е прикажан некој друг.

**😅 Значи, ако се објави оваа цела приказна, мојата пријателка нема да има проблеми? 🤔**

Таа нема да има проблеми, но нејзиното поранешно момче и сите други може да бидат казнети доколку ги објават тие слики.

**Како можеме да го пријавиме ова? Дали родителите мора да дознаат?**

Децата можат исто така да го пријават случајот, лично, но во присуство на родител или старател.

СЕКОГАШ КОГА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЌЕ ДОЗНААТ ЗА ЕВЕНТУАЛНО КРШЕЊЕ НА ЗАКОНОТ, МОРААТ ТОА ДА ГО ИСТРАЖАТ. ПОЛИЦИЈАТА Е ДОЛЖНА ДА СПРОВЕДЕ ИСТРАГА ДУРИ И АКО ЛИЦЕТО КОЕ ГИ ОБЈАВУВА СЛИКИТЕ Е ВО ДРУГА ДРЖАВА. ЗА ПРИЈАВАТА ТРЕБА ДА БИДАТ ИЗВЕСТЕНИ И СЛУЖБИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА.

АКО СЕ ОБИДЕШ ДА ПРИЈАВИШ, А ПОЛИЦИЈАТА НЕ ЈА ЗЕМЕ СЕРИОЗНО ПРИЈАВАТА, ОБРАТИ СЕ ДО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ПРИ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ. ТЕЛЕФОНСКИ БРОЕВИ: 02/3129 327, 02/3129 335 ЕЛЕКТРОНСКА АДРЕСА: CONTACT@OMBUDSMAN.MK ДОПОЛНИТЕЛНО, НЕПОСТАПУВАЊЕТО МОЖЕШ ДА ГО ПРИЈАВИШ И ВО КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА НА E-MAIL АДРЕСАТА: CONTACT@KSZD.MK

## чет



ТВОЈАТА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ МОРА ДА СЕ ЗАШТИТАТ.

**Дали полицијата ќе ги види сликите?**

Кога ќе се отпочне постапка, истражувачите мораат да ја идентификуваат жртвата, значи секако дека ќе ги видат сликите. Сликите се евидентираат како доказ, но бројот на луѓе што ги гледаат доказите е ограничен.

**А што ако го уапсат нејзиниот поранешен дечко?**

Надлежните органи ја земаат предвид тежината и околностите на кривичното дело. Целта е секогаш казната да вроди со ефект, да биде сразмерна и да ги одврати останатите од слично однесување. Каква и да биде одлуката на надлежните органи за казната, одговорноста е на момчето, а твојата другарка не е виновна.

**На пример?**

Затворска казна, парична казна, а може и да добие одредени забрани или да му биде наложено да посетува некои образовни програми.

**Па тогаш, како може таа да го натера да ги избрише сликите?**

Надлежните органи може да го натераат да го направи тоа, но ако таа поразговара со него, може да му помогне да разбере кои се можните последици од тоа што го прави.

**Ок, разбрав, јасно ми е, благодарам, чаоо!! 😍**

Ако имаш уште прашања, слободно да ме контактираш повторно! Чао.

# КОГА СЕ ПОКРЕНУВА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

ВО ОДРЕДЕНИ СИТУАЦИИ, ДЕТЕТО ГО СОСЛУШУВА ПСИХОЛОГ. ВО НЕКОИ ДРЖАВИ, ВО ПРЕДМЕТИ ПОВРЗАНИ СО СЕКСУАЛНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА, ПРАВИЛО Е ДЕТЕТО СЕКОГАШ ДА ГО СОСЛУША ПСИХОЛОГ ОД ИСТИОТ ПОЛ. АКО НЕ ГО ЗБОРУВАШ ЈАЗИКОТ, СЕКОГАШ ТРЕБА ДА ИМА ТОЛКУВАЧ ДО ТЕБЕ. ИЗВЕСТИ ГО ЗА ОВА ТВОЈОТ АДВОКАТ ИЛИ НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ, И ТИЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОГРИЖАТ ДА ГО ОБЕЗБЕДАТ.



(...) Сега кога веќе се запознавме, дозволете ми накратко да ви раскажам што се можете да очекувате во текот на постапката. Ќе се обидам да бидам јасен, а ако вам нешто не ви е јасно, слободно да ме прашате!

**(детето) Океј.**
**(родителот) Благодарам.**

Најважно е да бидеш заштитен во текот на истрагата и кривичниот прогон. Секогаш мора да се почитуваат твоите права и твојот најдобар интерес.

**(р) На што треба да бидеме подготвени?**

Целта на истрагата е да се дознае што се случило. Ќе се собираат и презентираат докази кои ќе ги цени судот. Ќе бидеш поканет на сослушување. Тоа што ќе го кажеш таму - твојот исказ - може да се искористи како доказ пред судот, освен ако ти не решиш да го повлечеш.

**(д) Дали морам сè да раскажам?**

Ќе помогнеш во истрагата ако си искрен. Тоа е и твоја должност. Доколку е апсолутно неопходно, судијата или другите страни во постапката можат да ти постават подетални прашања.

**(р) Дали е апсолутно неопходно да сведочи мојот син?**

Можеби ќе биде потребно да сведочи вашиот син, доколку полицијата не може да обезбеди докази на друг начин, односно доколку Петар сака да сведочи, тој ќе биде сослушан.

**(р) Каде треба да одиме?**

Ќе добиете писмо, (покана) каде ќе биде наведено името и адресата на надлежниот орган. Во некои случаи, сослушувањето може да се реализира преку видео-повик, при што нема да морате да доаѓате лично на рочиштето.

**(р) На него му е тешко да зборува за тоа. Дали може само еднаш да го раскаже?**

Полицијата треба да избегнува да се повторува сослушувањето за детето да не мора повторно да дава изјава. Поради тоа, давањето на исказ може да се сними, и таа снимка може да се користи како доказ пред судот. Но и покрај тоа, може да се случи да треба да зборува за тоа повеќе пати.

**(д) Може мама да дојде со мене?**

Да. Сè додека имаш помалку од 18 години, мора да биде присутен твојот родител или правен застапник. Во некои ситуации може да бираш кое возрасно лице сакаш да те придружува.

**(д) Кој друг ќе биде таму?**

Полициски службеник кој ќе ги поставува прашањата, но можеш да побараш да биде присутен и психолог. Како твој адвокат, и јас можам да присуствувам исто така.

**(д) Дали ќе биде присутно лицето што го започна сево ова?**

Ќе се преземат мерки ти да не се најдеш лице в лице со лицето кое те повреди. Секогаш водиме сметка за тоа, освен ако тоа не е во твој најдобар интерес, и за тоа веќе разговаравме со тебе.

**(р) Колку што знам, новинари од локалниот весник веќе почнаа да се распрашуваат за инцидентот...**

Во предмети кои се поврзани со сексуална злоупотреба, на новинари не им е дозволено да учествуваат во судењето. А ако биде побарано, и јавноста може да биде исклучена од судењето. Сослушувањата се секогаш затворени. Новинарите не смеат да објават ништо со што би можел да биде откриен идентитетот.

**(р) Дали можеме да му се обратиме некому за помош?**

Ако сакате, Петар може да разговара со стручни лица кои ќе му помогнат полесно да се носи со товарот на постапката и со кривичното дело. Нормално, на располагање ви е и правна помош, а можете да побарате помош и од надворешни групи, фондации и здруженија.

ЌЕ ГИ ДОБИЕШ СИТЕ ИНФОРМАЦИИ ШТО ЌЕ ТИ ПОМОГНАТ ДА ГИ РАЗБЕРЕШ ТВОИТЕ ПРАВА И ДА ДОЗНАЕШ КАКВА СÈ ПОМОШ ТИ СТОИ НА РАСПОЛАГАЊЕ. ВАЖНО Е ДА ГО РАЗБЕРЕШ ПРОЦЕСОТ, СВОЈАТА УЛОГА, ФАЗИТЕ, ИСХОДОТ И ТРОШОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРЕДМЕТОТ.

ИМАШ ПРАВО НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ. НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН МОРА ДА СЕ ПОГРИЖИ ДА НЕ БИДЕШ ПОВРЕДЕН ЗА ВРЕМЕ НА СУДЕЊЕТО, И ДА ЈА ДОБИЕШ СЕТА ПОМОШ КОЈА ТИ Е ПОТРЕБНА. ПОСТАПКИТЕ НЕ ТРЕБА ДА ТРААТ ДОЛГО, НО ЗА ЖАЛ, СЕ СЛУЧУВА ДА ПОМИНАТ МЕСЕЦИ, ПА ДУРИ И ГОДИНИ.

ТВОЕТО МИСЛЕЊЕ Е ВАЖНО И СЕКОГАШ МОРА ДА СЕ СОСЛУША И ДА СЕ ЗЕМЕ ПРЕДВИД. ДОКОЛКУ САКАШ, МОЖЕШ ДА ГО СООПШТИШ ТВОЕТО МИСЛЕЊЕ ПРЕКУ ПОСРЕДНИК, НА ПРИМЕР ПРЕКУ РОДИТЕЛ ИЛИ АДВОКАТ.

АКО Е ИЗВОДЛИВО, ИСКАЗИТЕ ОД ДЕЦАТА СЕ ЗЕМААТ ВО ПРИЈАТНО УРЕДЕНИ ПРОСТОРИИ КОИ СЕ ОПРЕМЕНИ И ПРИСПОСОБЕНИ ЗА ТАКВИ ПОТРЕБИ. ПРАШАЈТЕ ГО ПОЛИЦИСКИОТ СЛУЖБЕНИК ИЛИ АДВОКАТОТ ДАЛИ ТОА МОЖЕ ДА СЕ ОМОЗМОЖИ.

адвокат



ВО СЛУЧАЈ ДА ТЕ ПОВРЕДИЛЕ ИЛИ ЗЛОУПОТРЕБУВАЛЕ И РОДИТЕЛИТЕ ИЛИ ПРАВНИОТ ЗАСТАПНИК, И ДОКОЛКУ СЕ ЗАГРОЗЕНИ ТВОИТЕ ИНТЕРЕСИ, ЌЕ ТИ СЕ ДОДЕЛИ ПОСЕБЕН ПРЕТСТАВНИК ИЛИ СТАРАТЕЛ ВО ПРЕДМЕТОТ („GUARDIAN AD LITEM“) КОЈ ЌЕ ТИ ПОМОГНЕ И ЌЕ ГИ ЗАШТИТИ ТВОИТЕ ПРАВА СО ЦЕЛ НИКОГАШ ПОВЕЌЕ ДА НЕ МОРАШ ДА БАРАШ ПОМОШ ОД ЛИЦЕТО КОЕ ТЕ ЗЛОУПОТРЕБИЛО.

ТВОЈАТА БЕЗБЕДНОСТ Е СЕКОГАШ НАЈВАЖНА. НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ МОРА ДА ТЕ ЗАШТИТАТ ОД ЗАПЛАШУВАЊА, ОСВЕТА И ОД ПОВТОРНА ВИКТИМИЗАЦИЈА. ДОКОЛКУ НЕ СЕ ЧУВСТВУВАШ ПРИЈАТНО ИЛИ ТИ Е СТРАВ, КАЖИ ИМ ГО ОВА НА ВОЗРАСНИТЕ КОИ ТИ ПОМАГААТ СО ПОСТАПКАТА.

ТВОЈАТА ПРИВАТНОСТ МОРА ДА СЕ ЗАШТИТИ. ДУРИ И АКО НА ТЕЛЕВИЗИЈА ИЛИ НА РАДИО СЕ ЗБОРУВА ЗА ТОА ШТО СЕ СЛУЧИЛО, ТВОЕТО ИМЕ И ЛИЦЕ СЕКОГАШ ТРЕБА ДА БИДАТ СКРИЕНИ ОД ЈАВНОСТА И НЕ СМЕЕ ДА СЕ ОБЈАВИ КАКОВ БИЛО ПОДАТОК КОЈ БИ МОЖЕЛ ДА ВОДИ КОН ОТКРИВАЊЕ НА ТВОЈОТ ИДЕНТИТЕТ.

# ДРЖАВАТА Е ДОЛЖНА ДА ТЕ ЗАШТИТИ

Никој не смее да те повреди или искористува. Твоето тело ти припаѓа само тебе. Никој не смее да прави работи со твоето тело кои ти не ги сакаш. Никој не смее да си поигрува со твоите чувства и да те изложува на притисок. Државата се обврзала да преземе сè што е во нејзината моќ за да те заштити.

**Каде го дала државата тоа ветување?**

Пред Советот на Европа, во 2007 година е потпишана Меѓународна конвенција на островот Ланзароте во Шпанија. Таа конвенција се нарекува Конвенција од Ланзароте.

**Кои држави се вклучени?**

Скоро сите држави од Европа ја прифатија Конвенцијата од Ланзароте и се договорија да ги штитат твоите права.

**За што станува збор во Конвенцијата?**

Со Конвенцијата се забранува сексуално искористување и злоупотреба на децата. Доколку некој повреди дете, врши кривично дело. Целта на Конвенцијата е да се спречат ваквите дејствија, да се заштитат оние кои се повредени и да се утврди одговорност на лицата кои ја нанеле повредата.

**На кој начин го прави тоа државата?**

Државата е должна да те запознае со твоите права за да можеш да препознаеш злоупотреба, да научиш за сексуално образование и за сексуалноста, и да знаеш на кого можеш да му се обратиш. Државата е должна да преземе мерки со цел стручните лица кои работат со децата да бидат добро оспособени за тоа и да работат во твој најдобар интерес. Исто така, државата е должна да ги истражи и гони сторителите на овие кривични дела и да соработува со другите држави на ова поле.

**Дали некој води сметка и проверува дали државата навистина го исполнува своето ветување?**

За тоа се грижи Комитетот Ланзароте. Комитетот им поставува прашања на државите, а тие се должни да одговорат на нив. Комитетот исто така го интересираат ставовите на граѓанското општество и на децата.

**А што е Совет на Европа?**

Советот на Европа е сочинет од 46 земји-членки од целокупниот европски континент. Уште од 1949 година, тој работи на промовирање на демократијата и заштита на човековите права.



**Конвенцијата од Ланзароте**

Ставовите искажани во овој прирачник не секогаш ги одразуваат мислењата на Советот на Европа.

Оригинален наслов: So, this is sexual abuse?

Репродукцијата на извадоци (до 500 зборови) е дозволена за некомерцијални цели, сè додека е зачуван интегритетот на текстот, извадокот не се користи надвор од контекст, не дава нецелосни информации или на друг начин не го доведува во заблуда читателот во однос на природата, обемот или содржината на текстот. Изворниот текст мора да се наведе на следниов начин:
© Council of Europe, година на објавување – англиско издание;
© Ludwig Boltzmann Gesellschaft - Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR), година на објавување - превод на македонски јазик.

Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или дел од оригиналниот документ треба да бидат упатени до Одделот за публикации и визуелен идентитет, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Текстот е преземен и се користи со дозвола од Советот на Европа.

Овој документ е објавен во договор со Советот на Европа, но е под единствена одговорност на преведувачот/ите/издавачот/ите.

Преводот на македонски јазик и дисеминацијата на оваа публикација се финансирани од Европската Унија во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, имплементиран од Институтот за фундаментални и човекови права „Лудвиг Болцман Геселшафт“ (LBI-GMR).

LBI-GMR е целосно одговорен за сите печатни и јазични грешки во оваа публикација и истата не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

© Ludwig Boltzmann Gesellschaft - Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR), октомври 2025 година - превод на македонски јазик.

Уредник: Barbara Németh, Фондација за детски права „Hintalovon“

Дизајн: Tímea Medvegy, Фондација за детски права „Hintalovon“

Согласно Актот бр. 76 од 2017год., Фондацијата Hintalovon е Невладина организација која се финансира со средства од странство.
Council of Europe Publishing F-67075 Strasbourg Cedex http://book.coe.int
© Council of Europe, ноември, 2019

Советот на Европа изразува посебна благодарност на „Фондот за е лиминирање на насилство над децата *(End Violence Against Children)* за финансиската подршка на оваа програма.

Оваа брошура е изготвена во партнерство со деца, и со поддршка на Фондацијата за детски права Hintalovon (Hintalovon Child Rights Foundation). Децата дадоа корисни информации за тоа што треба да ви се објасни и на каков начин.

Финансирано од Европска Унија

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

**ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ НА:**
www.coe.int/children

**ИСПРАТЕТЕ НИ Е-МАИЛ СО ВАШТО МИСЛЕЊЕ НА:**
lanzarote.committee@coe.int

MKD

**Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 46 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.**

HINTALOVON
Child Rights Foundation

End Violence Against Children

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE